36786

Вечер, Скопје, 6.IV.1989, 7988, 8

ПРЕДЛОГ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

# За културата – најмногу

● **СПОРЕД ПОДНЕСЕНИТЕ (И ПРИФАТЕНИ) ПРОГРАМИ, НАЈМНОГУ СРЕДСТВА СЕ ПЛАНИРА ДА СЕ ДОДЕЛАТ ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

**Извршниот совет на Собранието на СРМ на денешната седница се очекува да донесе одлука за распоредување на средствата за изградба и опремување на објектите од општ интерес на Републикава. Според предлогот на Републичкиот секретаријат за финансии, за годинава се предвидени 2.206.000.000 динари, а како корисници ќе се јават повеќе општествени заедници, чии инвестициони програми се наоѓаат под знакот — „приоритетни“.**

Прв на листата е павилјонот на специјалниот завод во Демир Капија. За првата фаза од изградбата е предвидено да се одобрат 82 милиона динари. Но, тоа е само 50 отсто од потребните средства, што значи дека втората половина од инвестицијата ќе мора да ја обезбеди Републичката СИЗ за социјална заштита.

**Најголеми побарувања има доставено Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура — 5,017, милијарди динари. Повеќето програми се прифатени, така што се очекува за санација на Домот на поезијата во Струга да се доделат 400, за обновување на Меморијалниот музеј на Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Прохор Пчински“ — 200, за доизградбата на архивите во Прилеп, Крушево и Македонски Брод — 182, за аларнмни уреди во Архивот на Македонија, Галеријата на икони во Охрид, во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ (Скопје), во Музејот на современата уметност (Скопје) и во манастирот „Свети Јован Бигорски“ — 420, а потоа за опрема на микрофилмската лабораторија на библиотеката „Климент Охридски“ — 335 и за воведување парно греење во Редакцијата „Културен живот“ 86 милиони динари.**

Републичката СИЗ за насочено образование има доставено барање во износ од 2,25 милијарди динари за довршување и адаптација на повеќе објекти. Меѓутоа, согласно моментните можности, приоритет за годинава доби само изградбата на Студентската поликлиника во Скопје, за која е предвидено да се доделат 500 милиони динари, а од вишокот на приходите над расходите на Банката да се обезбедат уште толку средства за набавка на опрема за насоченото образование.

**Тука треба да се додаде дека поради значително помалиот износ на средства, предвидени во Републичкиот буџет за изградба и реконструкција на објекти од општ интерес за Републиката, не се земени предвид барањата на Републичкиот хидрометеоролошки завод (4,995), за набавка на опрема и на РСИЗ за здравствена заштита (една милијарда динари), за изградба на современ простор, во кој меѓу другото е предвидено довршување на Клиниката за хируршки болести и ортопедија. За последново, предложено е да се обезбедат 4 милијарди динари, но тоа би биле средства од вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија по завршната сметка за 1988 година.**

Ж. П.